Бр./Nr 12-1245/2
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1245/1 од 26.03.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, а пријавата да се проследи на надлежно постапување до Државен инспекторат за земјоделство на РСМ.

Предметот со број 12-1245 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1245/1 од 26.03.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско одгледување на зимзелени дрва /// од страна на лицето ///, сосед на подносителот, во ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај предметот нема елементи за надлежно постапување. Надлежен орган кој со закон е овластен да ги испита наводите од пријавата е Државен инспекторат за земјоделство на РСМ, заради што пријавата ќе се проследи до овој орган.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Претседател
Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: м-р Ц. Р., член

Доставено до:
- Подносителот
- Државен инспекторат за земјоделство на РСМ